MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр. ________
________ год.

Предмет: Мислење

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставено барање за мислење за тоа дали постои пречка доколку во поедноставена отворена постапка во Основно општинско училиште учествува Јавно Претпријатие за комунални услуги.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 12/2019 од 19 јануари 2019 година), го издава следново:

## М И С Л Е Њ Е

Државната комисија Ве известува дека согласно член 90 од Законот за јавни набавки:

*(1) Како услов за утврдување способност за вршење професионална дејност, договорниот орган бара секој економски оператор да достави доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.*

*(2) При утврдување на способноста за вршење професионална дејност на економските оператори договорниот орган бара и доказ издаден од надлежен орган за исполнување на посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон кои се однесуваат на предметот на јавна набавка.*

Врз основа на погоре цитираната одредба од Законот за јавни набавки, договорниот орган е должен да направи проценка дали одреден економски оператор е способен за вршење професионална дејност која е поврзана со предметот на работа на конкретна набавка.

Со почит,

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk